Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 јануари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “КАРАНИКОЛОС со реф. бр. 80” издадена на Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 10/22 и 216/22).

2. Во Прилогот, во точката 4 зборовите “25 јануари 2023 година” се заменуваат со зборовите “25 јануари 2024 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, со седиште на ул. “7-ми Ноември” бр. 187 Охрид (во понатамошниот текст: Друштво), на 16 јануари 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “КАРАНИКОЛОС со реф. бр. 80”, преку која треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-33/23 од 16 јануари 2023 година.

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 18 јануари 2023 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Регулаторната комисија за енергетика на барање на Друштвото има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “КАРАНИКОЛОС со реф. бр. 80” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 169/19) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “КАРАНИКОЛОС со реф. бр. 80” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/22 и 216/22).

Регулаторната комисија за енергетика, постапувајќи по барањето, утврди дека доставеното барање е во согласност со одредбите на Правилникот за лиценци.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа донесе Решение бр.02-165/2 од 25 јануари 2023 година, со кое одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Согласно член 25 став (2) од Правилникот за лиценци согласно кој Регулаторната комисија за енергетика врз основа на доставените податоци од причините за продолжувањето на лиценцата за пробна работа го определува рокот за продолжување на лиценцата за пробна работа, Регулаторната комисија за енергетика го определи датумот на продолжување на лиценцата за пробна работа 25 јануари 2024 година, согласно Анекс бр.3 на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос, бр.11-692/1 од 25 јануари 2018 година, склучен помеѓу Друштвото и Министерството за животна средина и просторно планирање, заверен под Бр.11-71/2 од 10 јануари 2023 година, со кој рокот за изградба на објектите се продолжува до 25 јануари 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 25 јануари 2023 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “КАРАНИКОЛОС со реф. бр. 80” на Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, до 25 јануари 2024 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-33/23**
**25 јануари 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**